**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К

**од Конститутивната седница на Програмскиот совет на МРТ**
**одржана на 9.7.2025, 12:00 часот, сала за состаноци во МРТ**

Присутни членови на Конститутивната седница на Програмски совет на МРТ: *Лазо Трпков, Давор Пашоски, Марјан Велевски, Миле Грозданоски, Ивана Ефремовски, Биљана Бабиќ, Владимир Палашевски, Маја Седрак, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Музбајдин Ќамиљи, Баким Лачи и Томислав Кежаровски.*

Други присутни: *Марјан Цветковски, Директор на МРТ, Горан Атанасов, Директор на Заеднички функции и администрација на МРТ, Орце Тодоровски, Помошник директор на МРТ*

**Дневен ред:**

1. **Конституирање на Програмскиот совет на ЈРП Македонска радио телевизија**

Конститутивната седница започна во 12 часот.

Место на одржување: Сала за состаноци, втор кат, објект на Македонско радио.

Седницата ја отвори Директорот на МРТ, Марјан Цветковски со пригодно добредојде на членовите на новиот Програмски совет на МРТ и им упати желби за успешна работа.

По упатениот воведен збор, тој го прочита Дневниот ред за Седницата и претседавачкото место му го препушти на највозрасниот член на Програмскиот совет на МРТ – Миле Грозданоски, кој продолжи да ја води Седницата.

**Точка 1**

Се пристапи кон утврдување на присуството на членовите на Програмскиот совет на МРТ избрани со Одлука на Собранието на РСМ со бр.08-3609/1 од 24.6.2025 и предлогот за Конституирање на Програмскиот совет на ЈРП Македонска радио телевизија беше ставен на гласање.

Сите присутни 13 (тринаесет) членови гласаа позитивно за Конституирање на Програмскиот совет на МРТ.

За одржување на следната Седница на Програмскиот совет се утврди 16.7.2025 во 11:00 часот, во салата за состаноци на вториот кат во објектот на Македонско радио со цел отпочнување на активностите на Програмскиот совет на МРТ во согласност со Закон.

По исцрпување на Дневниот ред, Конститутивната седница на Програмскиот совет на МРТ заврши во 12:15.

Записникот го водеше:
Марина Тодоровска

Програмски совет на МРТ
Миле Грозданоски

Бр. 02-4531/2
16.07.2025